**Сојуз на хемичарите и технолозите на Македонија**
Адреса: Институт за хемија, Природно-математички факултет, Архимедова 5,
1000 Скопје; Тел: +(389-2) 324-9926; Fax: +(389-2) 322-6865
жиро-сметка: 300000001352895 Комерцијална банка, Скопје
даночен број: 4030954350704
http://sctm.mk

# П Р А В И Л Н И К

## за избор на ученици од средно образование за составување тим кој ќе учествува на меѓународни натпревари

### I. Општи одредби

Член 1

Државна комисија за натпревари по хемија (ДКНХ) која е дел од Секцијата за хемиско образование (СХО) при Сојузот на хемичарите и технолозите на Македонија (во понатамошниот текст СХТМ), организира подготовки и избор на ученици кои ќе бидат дел од тимот и ќе ја претставуваат Република Македонија на интернационални натпревари по хемија за ученици од средните училишта.

Член 2

Тимот има за цел да:

- учествува и да ја претставува Република Македонија на меѓународни натпревари од областа на хемијата;
- стекнува знаење, развива вештини, способности и искуство во однос на работа во хемиска лабораторија и хемиското експериментирање кај членовите;
- се стекнува со интернационално искуство кое ќе го пренесе на следната генерација натпреварувачи;
- го развива натпреварувачкиот дух;
- придонесува за достојно претставување на тимот и воспоставување комуникација со ученици од различни земји.

Член 3

СХТМ спроведува две тестирања (квалификационен и селекционен натпревар) според кои се врши селекцијата на ученици. На квалификациите, поканети се да учествуваат десетте најдобро рангирани во сите категории (I, II и III) од последно одржаниот државен натпревар по хемија за учениците од средно образование. По споровedените подготовки на натпреварувачите следува селекциониот натпревар после кој се составува тимот.

Учесниците кои имаат освоено медал на IChO или друг релевантен меѓународен натпревар, имаат право да го прескокнат квалификациониот натпревар и да учествуваат на подготовките и претстојниот селекционен натпревар.

### II. Организација на натпреварите

Член 4

Тестирањата за селекција (селекциони натпревари) на најдобрите ученици се спроведуваат секоја учебна година според календар подготвен од ДКНХ, кој се објавува на интернет страницата на СХТМ. Информација за ова, се доставува и по електронска пошта до сите кандидати кои го исполнуваат условот според Член 3 од овој Правилник.

Во првата етапа, по спроведеното тестирање (квалификационен натпревар), а врз основа на освоените поени, ДКНХ врши избор на најдобрите десетмина со кои комисијата ги продолжува подготовките. Кон оваа група може да се вклучат и учесници кои имаат освоено медали согласно

Член 3 од овој Правилник, а не учествувале на квалификациониот натпревар или покажале особени резултати во претходните етапи од подготовките. Втората етапа опфаќа тестирање (селекционен натпревар) кое се состои од два дела: теориски и експериментален. Секој од натпреварувачите освојува определен број поени од теорискиот и експерименталниот дел.

Член 5

Прегледувањето на теорискиот дел, оценувањето на експерименталниот дел како и целокупното бодирање и рангирање го спроведува ДКНХ. Изборот на учениците за тимот се реализира според повеќе критериуми и тоа:

- резултатите од квалификациониот натпревар;
- резултатите постигнати на натпреварите од тековната година;
- редовност на подготвителните часови;
- успешна изработка на предвидените експериментални вежби;
- резултатите од селекциониот натпревар.

По прегледувањето на тестовите и сумирањето на поените од сите категории, ДКНХ прави записник и рангирање на учениците кои ќе го сочинуваат тимот и записникот го доставува до Претседателството на СХТМ.

## III. Спроведување на тестирањето

Член 6

Натпреварите се поединечни. Секој учесник самостојно го решава тестот и самостојно го изработува експерименталниот проблем. При тоа, резултатите ги запишува на соодветно означените места во рамките на тестот, а генералиите ги затвора во прикачениот плик.

Право на учество на селекциониот натпревар имаат учениците кои биле рангирани меѓу десетте најдобри според последно одржаниот квалификационен натпревар кон кои се приклучуваат и учениците кои имаат освоено медали согласно, а не учествувале на квалификациониот натпревар или покажале особени резултати во претходните етапи од подготовките според Член 4 од овој Правилник.

Член 7

Конечните резултати се објавуваат истиот ден и се запишуваат на табла на местото на одржување на натпреварот и на интернет страницата на СХТМ.

ДКНХ е должна во период од 60 минути од објавувањето на резултатите да прима усни приговори од учесниците на селекциониот натпревар и веднаш да постапува по истите.

## V. Завршни одредби

Член 8

Овој Правилник стапува на сила наредниот ден од денот на неговото донесување.

За сите прашања што не се регулирани со овој Правилник ќе се применуваат одредбите од „Правилникот за начинот и поблиските критериуми на организирање и изведување на натпреварите на учениците по одделни предмети на општинско, регионално и државно ниво во средното образование“ донесен на 05.03.2013 год., кој се применува од 01.01.2014 год.

Скопје, 1.12.2017 год.

Сојуз на хемичарите и технолозите на Македонија

Проф. д-р Зоран Здравковски, претседател

Проф. д-р Марина Стефова, раководител на секцијата
за хемиско образование